Предлог на Закон за прогласување на Студенчишко Блато за Парк на природата

Propozim -ligji për shpalljen e Kënetës së Studençistës për Park Natyror

Скопје, септември 2022 година

Shkup, shtator 2022

HYRJE

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Потребата од воспоставување формална заштита на Студенчишкото блато е нотирана во Просторниот план на Република Македонија (2000-2020), поточно во Студијата за природно наследство (2004). Блатото Студенчишта претставува последен глацијален реликтен остаток на блатната вегетација во нашата држава, развиен за време на периодот на плеистоценот. **Блатото е во загрозена состојба заради**: присуство на депонија, прекината комуникација со езерото, палење и уништување на блатната вегетација и формирање на обработливи површини.

Ова е прв регистриран случај на исчезнување на една цела растителна заедница, како последица на антропогениот фактор. Студенчишко блато е директно или индиректно засегнато со неколку плански документации кои имаат извршен карактер. Пред се, тука се мисли на урбанистичко – планската документација која се подготвува на локално ниво, во самата општина каде територијално припаѓа подрачјето. Подрачјето Студенчишко Блато се предложува да добие статус на заштита во **категорија IV - Парк на природата**, според Законот за заштита на природата. Во предлогот се дефинирани три зони на заштита: зона за строга заштита, зона за активно управување и зона за одржливо користење.

Врз основа на Законот за заштита на природата од 19.06.2021г. во сила е Решение за привремена заштита на Студенчишко Блато се до усвојувањето на Закон за прогласување на Студенчишко Блато

I. VLERËSIMI I GJENDJES NË FUSHËN QË DUHET TË RREGULLOHET ME LIGJ DHE ARSYET E DETYRIMIT TË LIGJIT

Nevoja për vendosjen e mbrojtjes formale të Kënetës së Studençistës është theksuar në Planin Hapësinor të Republikës së Maqedonisë (2000-2020), më saktësisht në Studimin e Trashëgimisë Natyrore (2004). Këneta e Studençishtës është relikti i fundit akullnajor i bimësisë kënetore në vendin tonë, i zhvilluar gjatë periudhës së Pleistocenit. **Këneta është në gjendje të rrezikuar për shkak të:** pranisë së një deponie, komunikimit të ndërprerë me liqenin, djegies dhe shkatërrimit të bimësisë kënetore dhe formimit të tokës së punueshme.

Ky është rasti i parë i evidentuar i zhdukjes së një bashkësie të tërë bimore, si pasojë e faktorit antropogjen. Këneta e Studençishtës ndikohet drejtpërdrejt ose tërthorazi nga disa dokumente planifikuese që kanë karakter ekzekutiv. Fillimisht bëhet fjalë për dokumentacionin urbanistik që përgatitet në nivel vendor, në vetë komunën ku bën pjesë zona. Këneta e Studençishtes propozohet të marrë statusin e mbrojtjes në **kategorinë IV – Park i Natyrës**, sipas Ligjit për Mbrojtjen e Natyrës. Në propozim janë përcaktuar tri zona mbrojtëse: zona për mbrojtje strikte, zona për menaxhim aktiv dhe zona për përdorim të qëndrueshëm.

Bazuar në Ligjin për Mbrojtjen e Natyrës nga 19.06.2021 Vendimi për mbrojtjen e përkohshme të Kënetës së Studençishtës është në fuqi deri në miratimin e Ligjit për shpalljen e Kënetës së Studençishtës për Park

за парк на природата. Вкупната површина на заштита изнесува 60.23 хектари.

Заради геолошките и биолошки вредности, пред се присуство на живеалишта и видови од национално и европско значење, Студенчишкото Блато се прогласува за заштитено подрачје од четврта категорија - Парк на природата.

Законот за заштита на природата - ЗЗП (Сл.Весник на РМ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18) и (Сл.Весник на РСМ бр. 151/21) е основен правен акт со кој се уредува заштитата на природата преку заштита на биолошката и пределската разновидност и заштита на природното наследство во и надвор од заштитени подрачја Системот на заштитени подрачја се воспоставува заради заштита на биолошката разновидност во рамките на природните живеалишта, процесите кои се случуваат во природата, како и абиотичките карактеристики и пределската разновидност. Со прогласувањето на подрачјето за заштитено тоа се стекнува со статус на „природно наследство".

Во согласност со член 92 став (5) од Законот за заштита на природата заради утврдување на реалната состојба и обезбедување на стручна основа за изработка на актот за прогласување на заштитено подрачје се изработува Студија за валоризација или ревалоризација на заштитеното подрачјето. Во врска со горенаведеното за оправданоста од прогласувањето на локалитетот Студенчишко Блато за заштитено подрачје изработена е Студија за валоризација на Студенчишко Блато. Студијата е изработена од страна на ДООЕЛ „ДЕКОНС ЕМА" - Друштво за еколошки консалтинг, Скопје, во периодот од јули 2019 до март 2020 година. Студијата е изработена во согласност со одредбите на Законот за заштита на природата и Правилникот за содржина на студијата за валоризација или ревалоризација на

Natyror. Sipërfaqja e përgjithshme e mbrojtjes është 60.23 hektarë.

Për shkak të vlerave gjeologjike dhe biologjike, mbi të gjitha pranisë së habitateve dhe specieve me rëndësi kombëtare dhe evropiane, Këneta e Studençishtës është shpallur zonë e mbrojtur e kategorisë së katërt - Parku Natyror.

Ligji për Mbrojtjen e Natyrës - LMN (Gazeta Zyrtare e RM-së Nr. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 dhe 113/18) dhe (Gazeta Zyrtare e RMV nr. 151/21) është akt ligjor bazë që rregullon mbrojtjen e natyrës nëpërmjet mbrojtjes së diversitetit biologjik dhe rajonal dhe mbrojtjes së trashëgimisë natyrore brenda dhe jashtë zonave të mbrojtura. Sistemi i zonave të mbrojtura është krijuar me qëllim të mbrojtjes së diversitetit biologjik brenda habitateve natyrore, proceseve që ndodhin në natyrë, si dhe karakteristikave abiotike dhe diversitetit rajonal. Me shpalljen e zonës si të mbrojtur, ajo merr statusin e "trashëgimisë natyrore".

Në përputhje me nenin 92 paragrafin (5) të Ligjit për Mbrojtjen e Natyrës, me qëllim të konstatimit të gjendjes reale dhe sigurimit të bazës profesionale për përgatitjen e aktit për shpalljen e zonës së mbrojtur, është duke u përgatitur Studimi për vlerësimin ose rivlerësimin e zonës së mbrojtur. Në lidhje me atë që u cek më sipër, për arsyetimin e shpalljes së lokalitetit Këneta e Studençishtës si zonë e mbrojtur është përgatitur një Studim valorizimi i Kënetës së Studençishtës. Studimi është bërë nga DOOEL "DEKONS EMA" - Kompania Konsulente mjedisore, Shkup, në periudhën nga korriku 2019 deri në mars 2020. Studimi është përgatitur në përputhje

заштитено подрачје (,,Службен весник на Република Македонија” бр. 26/12). Во изработката на Студија бил вклучен експертскиот тим од професионални научници, вработени во Институтот за Биологија на Природно Математичкиот Факултет во Скопје и Хидробиолошкиот Завод од Скопје.

Студијата е стручна основа за изработка на актот за прогласување на заштитеното подрачје Студенчишко Блато и во истата се предвидени 3 зони за заштита: зона за строга заштита, зона за активно управување и зона за одржливо користење.

Од страна на Општина Охрид (бр. 11-3598/2 од 17.08.2020) доставена е иницијатива за прогласување на Студенчишко Блато со Одлука (бр. 08-6482/20 од 30.07.2020) за предлагање прогласување на заштитено подрачје Студенчишко Блато во категорија-Парк на природа и Студија за валоризација на Студенчишко Блато ( бр. 11-3598/1 од 17.08.2020).

Владата ја усвои Информацијата за потребата од прогласување на локалитетот Студенчишко Блато за заштитено подрачје во категоријата парк на природа и ја донесе Одлуката за прифатливоста на предлогот за прогласување на локалитетот Студенчишко Блато за заштитено подрачје во категоријата Парк на природа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 277/20).

Од страна на Национален совет за заштита на природата, кој е формиран во согласност со Законот за заштита на природата добиено е позитивно мислење бр.11-2265/7 од 26.04.2021 година по однос на предлогот за прогласување на заштитено подрачје Студенчишко Блато во категорија IV - Парк на природа вклучувајќи ги границите и зоните.

me dispozitat e Ligjit për mbrojtjen e natyrës dhe Rregulloren për përmbajtjen e studimit për valorizimin ose rivalorizimin e zonës së mbrojtur (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr. 26/12). Në përgatitjen e studimit u angazhua ekipi i ekspertëve të shkencëtarëve profesionistë, të punësuar në Institutin e Biologjisë të Fakultetit të Shkencave Matematiko-Natyrore në Shkup dhe Institutin Hidrobiologjik nga Shkupi.

Studimi është baza profesionale për përgatitjen e aktit për shpalljen e zonës së mbrojtur të kënetës së Studençishtës dhe në të njëjtin janë parashikuar 3 zona: zona e mbrojtjes strikte, zona e menaxhimit aktiv dhe zona e përdorimit të qëndrueshëm.

Nga Komuna e Ohrit (Nr. 11-3598/2 prej 17.08.2020) është paraqitur iniciativë për shpalljen e Kënetës së Studençishtës me Vendim (Nr. 08-6482/20, prej 30.07.2020) duke propozuar shpalljen e zonës së mbrojtur Këneta e Studençishtës në kategorinë-Parku Natyror dhe Studimi Valorizues i Kënetës së Studençishtës (nr. 11-3598/1 prej 17.08.2020).

Qeveria miratoi Informacionin për nevojën e shpalljes së lokalitetit Këneta e Studençishtës si zonë e mbrojtur në kategorinë e parkut natyror dhe miratoi Vendimin për pranushmërinë e propozimit për shpalljen e Kënetës së Studençishtës si zonë e mbrojtur në kategorinë e Parku Natyror ( “Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut“ nr. 277/20).

Nga Këshilli Kombëtar për Mbrojtjen e Natyrës, i cili u formua në përputhje me Ligjin për Mbrojtjen e Natyrës është marrë mendim

Врз основа на Законот за заштита на природата од 19.07.2021 година во сила е Решение за привремена заштита на Студенчишко Блато (Службен весник на РСМ бр.164/21) сѐ до усвојувањето на Закон за прогласување на Студенчишко Блато за парк на природата

Министерство за животна средина и просторно планирање потоа согласно Законот за заштита на природата изготви Нацрт на закон за прогласување на Студенчишко Блато за заштитено подрачје - Парк на природата, кој беше доставен на мислење до релевантни институции.

Во согласност со член 95 став (2) од Законот за заштита на природата ("Сл.весник на РМ" бр. 67/04,14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16,113/18) и (Сл.Весник на РСМ бр. 151/21) како и Извадокот од Нацрт-Записникот од Дваесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија (одржана на 17.11.2020), точка 51 – Информација за потребата од прогласување на локалитетот Студенчишко Блато за заштитено подрачје во категоријата парк на природата, а во согласност со заклучокот 2, Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) во соработка со Општина Охрид на 23.02.2022 година во Општина Охрид, одржа Јавна расправа по Нацрт на Закон за прогласување на Студенчишко Блато за парк на природата.

По завршувањето на јавната расправа, МЖСПП изготви Предлог на Закон за прогласување на Студенчишко блато за парк на природата.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Основни цели за донесување на овој закон се: зачувување на природната состојба на локалитетот Студенчишко Блато преку заштита на природните и други вредностич - спречување на

pozitiv në lidhje me propozimin për shpalljen e zonës së mbrojtur të Kënetës së Studençishtës në kategorinë IV - Parku Natyror duke përfshirë kufijtë dhe zonat.

Bazuar në Ligjin për Mbrojtjen e Natyrës nga 19.07.2021, Vendimi për Mbrojtjen e Përkohshme të Kënetës së Studençishtës (Gazeta Zyrtare e RMV nr. 164/21) është në fuqi deri në miratimin e Ligjit për shpalljen e Kënetës së Studençishtës si Park Natyror

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor më pas, në përputhje me Ligjin për Mbrojtjen e Natyrës, përgatiti Projektligjin për shpalljen e Kënetës së Studençishtës si zonë e mbrojtur – Park i Natyrës, i cili iu dorëzua institucioneve përkatëse për mendim.

Në përputhje me nenin 95 paragrafi (2) të Ligjit për Mbrojtjen e Natyrës ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11 , 59 /12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16,113/18) dhe (Gazeta Zyrtare e RMV nr. 151/21) si dhe Ekstrakti nga Projektprocesverbali i Seancës së njëzet e një i Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut (e mbajtur më 17.11.2020), pika 51 – Informacioni për nevojën e deklarimit të lokalitetit Këneta e Studençishtës për zonë të mbrojtue në kategorinë e parkut të natyrës, e në pajtim me konkluzionin 2, Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor (MMJPH) në bashkëpunim me Komunën e Ohrit më datë 23.02.2022 në Komunën e Ohrit, mbajti një debat publik për Projekt-ligjin për shpalljen e Kënetës Studençishko për park të natyrës.

Pas përfundimit të debatit publik, MMJPH përgatiti Propozimligjin për shpalljen e Kënetës së Studençishtës për Park Natyror.

дејствија што можат непосредно или посредно да предизвикаат нарушување на живеалиштата и екосистемитеч - создавање на поволни услови за заштита, зачувување и унапредување на биолошката и пределската разновидност; - одржливо користење на природните ресурси на начин на кој не се загрозува опстанокот на живеалиштата и видовите

Со прогласувањето Парк на природата Студенчишко Блато се овозможува:зачувување на природната состојба на локалитетот Студенчишко Блато преку заштита на природните и други вредности;спречување на дејствија што можат непосредно или посредно да предизвикаат нарушување на живеалиштата и екосистемите; создавање на поволни услови за заштита, зачувување и унапредување на биолошката и пределската разновидност; одржливо користење на природните ресурси на начин на кој не се загрозува опстанокот на живеалиштата и видовите.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Донесувањето на Законот нема финансиски импликации врз буџетот и другите јавни финансиски средства.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведувањето на Законот не е потребно обезбедување на финансиски средства, ниту материјални обврски за одделни субјекти.

II. OBJEKTIVAT, PARIMET DHE VENDIMET THEMELORE TË PROPOZIMLIGJIT

Objektivat bazë për miratimin e këtij ligji janë: ruajtja e gjendjes natyrore të lokalitetit Këneta e Studençishtës përmes mbrojtjes së vlerave natyrore dhe vlerave të tjera – parandalimin e veprimeve që mund të shkaktojnë në mënyrë të drejtpërdrejtë ose të tërthortë prishje të habitateve dhe ekosistemeve - krijimit të kushteve të favorshme për mbrojtjen, ruajtjen dhe promovimin e diversitetit biologjik dhe rajonal; - përdorimit të qëndrueshëm të burimeve natyrore në një mënyrë që nuk kërcënon mbijetesën e habitateve dhe specieve.

Me shpalljen e Kënetës së Studençishtës për Park të Natyrës mundësohet: ruajtja e gjendjes natyrore të lokalitetit Këneta e Studençishtës përmes mbrojtjes së vlerave natyrore dhe vlerave të tjera, parandalimi i veprimeve që mund të dëmtojnë drejtpërdrejt ose tërthorazi habitatet dhe ekosistemet; krijimi i kushteve të favorshme për mbrojtjen, ruajtjen dhe promovimin e diversitetit biologjik dhe rajonal; përdorimi i qëndrueshëm i burimeve natyrore në një mënyrë që nuk kërcënon mbijetesën e habitateve dhe specieve.

III. VLERËSIMI I PASOJAVE FINANCIARE TË PROPOZIM-LIGJIT MBI BUXHETIN DHE FONDET TJERA FINANCIARE PUBLIKE

Miratimi i ligjit nuk ka implikime financiare në buxhet dhe burime të tjera financiare publike.

IV. VLERËSIMI I BURIMEVE FINANCIARE TË NEVOJSHME PËR ZBATIMIN E LIGJIT, MËNYRA E SIGURIMIT TË TYRE, TË DHËNAT NËSE ZBATIMI I

Донесувањето на Законот не предизвикува дополнителни трошоци во однос на администрацијата и засегнатите субјекти.

V. ПРЕГЛЕД НА ПРОПИСИ ШТО ТРЕБА ДА СЕ ДОНЕСАТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Прописи кои се треба да се донесат врз основа на овој закон се:

- Планот за управување со Парк на природа - Студенчишко Блато го донесува Општина Охрид како субјект за управување со заштитеното подрачје во рок од една година од влегувањето во сила на овој закон,
- До донесување на Планот за управување Општина Охрид подготвува Годишна програма за заштита на природата во рок од три месеци од денот на влегување во сила на оваа одлука.

LIGJIT PËRFSHIN DETYRIME MATERIALE PËR SUBJEKTE TË VEÇANTA

Për zbatimin e Ligjit nuk ka nevoj sigurimi i mjeteve financiare, as edhe detyrime materiale për subjekte të veçanta. Miratimi i ligjit nuk shkakton kosto shtesë në raport me administratën dhe subjektet përkatëse.

V. SHQYRTIMI I RREGULLAVE QË DUHET TË MIRATOHEN PËR ZBATIMIN E LIGJIT

Rregullat që duhet të miratohen në bazë të këtij ligji janë:

 Plani për Menaxhimin e Parkut të Natyrës – Këneta e Studençishtës miratohet nga Komuna e Ohrit si subjekt për menaxhimin e zonës së mbrojtur brenda një viti nga hyrja në fuqi e këtij ligji.

 Deri në miratimin e Planit të Menaxhimit, Komuna e Ohrit përgatit Programin Vjetor për Mbrojtjen e Natyrës në afat prej tre muajsh nga data e hyrjes në fuqi të këtij vendimi.

## ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА СТУДЕНЧИШКО БЛАТО ЗА ПАРК НА ПРИРОДАТА

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Студенчишко Блато се прогласува за парк на природата заради заштита на геолошките и биолошки вредности, пред се присуство на живеалишта и видови од национално и европско значење.

**Член 2**

Категоријата на заштитеното подрачје е Категорија IV - парк на природата.

**Член 3**

Називот на заштитеното подрачје е „Парк на природата Студенчишко Блато”.

**Член 4**

Со прогласувањето на Паркот на природата Студенчишко Блато се овозможува:

- зачувување на природната состојба на локалитетот Студенчишко Блато преку заштита на природните и други вредности;

- спречување на дејствија што можат непосредно или посредно да предизвикаат нарушување на живеалиштата и екосистемите;

## PROPOZIM-LIGJI PER SHPALLJEN E KËNETES SË STUDENÇISHTËS PËR PARK NATYROR

### I. DISPOZITA TË PËRGJITHSHME

**Neni 1**

Këneta e Studençishtës është shpallur Park Natyror për mbrojtjen e vlerave gjeologjike dhe biologjike, në radhë të parë të pranisë së habitateve dhe specieve me rëndësi kombëtare dhe evropiane.

**Neni 2**

Kategoria e zonës së mbrojtur është Kategoria IV - Parku i Natyrës.

**Neni 3**

Emri i zonës së mbrojtur është "Parku Natyror Këneta e Studençishtës".

**Neni 4**

Me shpalljen e Parkut Natyror Këneta e Studençishtës mundësohet:

- создавање на поволни услови за заштита, зачувување и унапредување на биолошката и пределската разновидност и

- одржливо користење на природните ресурси на начин на кој не се загрозува опстанокот на живеалиштата и видовите.

## II. ГРАНИЦИ НА РАСПРОСТРАНУВАЊЕ

**Член 5**

(1)Границата на Паркот на природата Студенчишко Блато кон исток го следи магистралниот пат Охрид - Свети Наум, почнувајќи од исклучувањето за Хидробиолошкиот завод сè до реката Рача, потоа врти во правец кон запад и ја следи реката Рача сè до асфалтираното шеталиште покрај Охридското Езеро. Оттука границата врти кон север и го следи шеталиштето сè до Студенчишкиот Канал, а потоа врти кон исток и го следи Студенчишкиот Канал сè до Хидробиолошкиот завод каде го следи пристапниот асфалтен пат околу Хидробиолошкиот завод сè до магистралниот пат Охрид - Св. Наум.

(2) Вкупната површина на Паркот на природата Студенчишко Блато изнесува 60,23 хектари.

## III. РЕЖИМ НА ЗАШТИТА

**Член 6**

Во Паркот на природата Студенчишко Блато се востановуваат следните зони:

- ruajtja e gjendjes natyrore të lokalitetit Këneta e Studençishtës përmes mbrojtjes së vlerave natyrore dhe vlerave të tjera;

- parandalimi i veprimeve që në mënyrë të drejtpërdrejtë ose të tërthortë mund të shkaktojnë dëme në habitatet dhe ekosistemet;

- krijimi i kushteve të favorshme për mbrojtjen, ruajtjen dhe promovimin e diversitetit biologjik dhe rajonal; dhe

- përdorimi i qëndrueshëm i burimeve natyrore në një mënyrë që nuk kërcënon mbijetesën e habitateve dhe specieve.

## II. KUFINJTË E SHTRIRJES

**Neni 5**

(1) Kufiri i Parkut të Natyrës Këneta e Studençishtës drejt lindjes e përcjell rrugën magjistrale Ohër - Shën Naum, duke filluar nga nga shkyçja për Institutin Hidrobiologjik e deri te lumi i Raçës, pastaj kthehet në drejtim drejt perëndimit dhe ndjek lumin e Raçës deri në shetitoren e asfaltuar pranë Liqenit të Ohrit.

Nga këtu, kufiri kthehet në veri dhe ndjek shëtitoren deri në Kanalin e Studençishtës, pastaj kthehet në lindje dhe ndjek Kanalin Studençishtës deri në Institutin Hidrobiologjik, ku ndjek rrugën e asfaltuar të aksesueshme rreth Institutit Hidrobiologjik deri në magjistralen Ohër- Shën Naum.

(2) Sipërfaqja e përgjithshme e Parkut Natyror Këneta e Studençishtës është 60.23 hektarë.

## III. MËNYRA E MBROJTJES

**Neni 6**

- зона за строга заштита,
- зона за активно управување и
- зона за одржливо користење.

**Член 7**

(1) Зона за строга заштита претставува дел од Паркот на природата Студенчишко Блато со највисок интерес за заштитата, што се карактеризира со изворни, неизменети карактеристики на екосистемите или има сосема мали промени како резултат на традиционални управувачки практики.

(2) Зоната за строга заштита опфаќа три помали земјишни парцели и ги вклучува преостанатите делови од заедницата на *Caricetum elatae*. Една од површините се наоѓа во северниот дел од Блатото, близу Студенчишкиот Канал, а преостанатите две површини се наоѓаат во централниот дел на Блатото, помеѓу Расадникот и Охридското Езеро.

(3) Вкупната површина на зоната за строга заштита на Паркот на природата Студенчишко Блато изнесува 5,33 хектари или 8,85% од вкупната површина на Паркот на природата Студенчишко Блато.

(4) Во зоната за строга заштита забрането е преземање дејствија, на несоодветно искористување на земјиштето во Паркот на природата Студенчишко Блато, како и активности со несоодветен карактер и интензитет, кои можат да ги нарушат својствата заради кои подрачјето се прогласува за парк на природата.

(5) Заради одржување на карактеристиките на зоната за строга заштита, општина Охрид согласно член 11 од овој закон, е должна да обезбеди

Në Parkun Natyror Këneta e Studençishtës janë duke u krijuar zonat e mëposhtme:

- zona e mbrojtjes strikte,
- zona e menaxhimit aktiv dhe
- zona e përdorimit të qëndrueshëm.

**Neni 7**

(1) Zona për mbrojtje strikte është pjesë e Parkut Natyror Këneta e Studençishtës me interes më të lartë për mbrojtje, i cili karakterizohet me karakteristika origjinale, të pandryshuara të ekosistemeve ose ka shumë pak ndryshime si rezultat i praktikave tradicionale të menaxhimit.

(2) Zona e mbrojtjes së rreptë mbulon tre parcela më të vogla tokësore dhe përfshin pjesët e mbetura të komunitetit Caricetum elatae. Njëra nga zonat ndodhet në pjesën veriore të Kënetës, afër Kanalit Studençishko, dhe dy zonat e mbetura janë të vendosura në pjesën qendrore të Kënetës, midis Fidanishtes dhe Liqenit të Ohrit.

(3) Sipërfaqja e përgjithshme e zonës së mbrojtjes së rreptë të Parkut Natyror Këneta e Studençishtës është 5.33 hektarë ose 8.85% e sipërfaqes së përgjithshme të parkut natyror.

(4)Në zonën e mbrojtjes së rreptë, ndalohet ndërmarrja e veprimeve të keqpërdorimit të tokës në Parkun Natyror Këneta e Studençishtës, si dhe

постојан мониторинг.

(6) Во зоната за строга заштита дозволени се научни истражувања во природата согласно член 24 од Законот за заштита на природата, доколку тие не се во спротивност со примарните цели на заштита на подрачјето, по претходно добиена дозвола од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата во соработка со општина Охрид.

**Член 8**

(1) Зоната за активно управување претставува зона од висок интерес за заштита, во која се потребни управувачки интервенции со цел реставрација, ревитализација или рехабилитација на живеалиштата, екосистемите и другите елементи од пределот.

(2) Зоната за активно управување се состои од три делови кои помеѓу себе се раздвоени заради постоењето на асфалтниот пат кој води од магистралниот пат Охрид-Св. Наум до Полициската станица (исток-запад) и малиот крак на Студенчишкиот канал (север-југ). Зоната за активно управување ги опфаќа главно трските и остатоците од влажни ливади и врбјаците. Најголема површина зафаќа земјишната парцела во централниот дел на Студенчишко Блато, која ги опкружува двете земјишни парцели од зоната за строга заштита. Зоната на активно управување се граничи на исток со Расадникот и со појасот од врби кон Охридското Езеро, а еден дел кон запад кон Охридското Езеро е обраснат со тревеста вегетација. Еден дел од зоната за активно управување се простира околу заедницата со *Caricetum elatae.* Последниот дел од зоната за

aktivitete me karakter dhe intensitet të papërshtatshëm të cilat mund ta prishin cilësinë për shkak të të cilave kjo zonë shpallet për park natyre.

(5) Për të ruajtur karakteristikat e zonës për mbrojtje të rreptë, komuna e Ohrit, në pajtim me nenin 10 të këtij ligji, është e obliguar të sigurojë monitorim të vazhdueshëm.

6) Në zonën e mbrojtjes së rreptë lejohet kërkimi shkencor i natyrës nëse sipas nenit 24 paragrafit të Ligjit për Mbrojtjen e Natyrës nuk bien ndesh me objektivat parësore të mbrojtjes së zonës, pas lejes së marrë më parë nga organi i administratës shtetërore kompetent për kryerjen e punëve në fushën e mbrojtjes së natyrës në bashkëpunim me komunën e Ohrit.

**Neni 8**

(1)Zona për menaxhim aktiv është zonë me interes të lartë për mbrojtje, në të cilën nevojiten ndërhyrje menaxhimi me qëllim të restaurimit, rivitalizimit ose rehabilitimit të habitateve, ekosistemeve dhe elementeve të tjera të peizazhit

(2)Zona e menaxhimit aktiv përbëhet nga tri pjesë të cilat midis tyre janë të ndara për shkak të ekzistimit të rrugës së asfaltuar e cila çon te magjistralja Ohër - Shën Naum deri në stacionin policor (lindje-perëndim) dhe degën e vogël të Kanalit të Studençishtës (veri-jug).

Zona e menaxhimit aktiv mbulon kryesisht kallamishtet dhe mbetjet e livadheve dhe shelgjeve të lagështa. Sipërfaqen më të madhe e zë trualli në pjesën qendrore të Kënetës së Studençishtës, e cila rrethon dy parcelat nga zona

активно управување се простира во близина на Хидробиолошкиот завод и опфаќа врбјаци, трсјаци и остатоци од некои влажни ливади. На работ (кон исток) од овој простор се наоѓа еден од најзначајните извори кои го прихрануваат Блатото и од каде се познати повеќе ендемични видови.

(3) Вкупната површина на зоната за активно управување на Паркот на природата Студенчишко Блато изнесува 15,08 хектари или 25,04 % од вкупната површина на Паркот на природата Студенчишко Блато.

(4) Во зоната за активно управување од општина Охрид може да се вршат активности на управување кои се однесуваат на манипулирање со живеалишта и со видови.

(5) Во зоната за активно управување дозволено е спроведување на активности кои немаат негативно влијание на примарната цел на заштита на Паркот на природата Студенчишко Блато, како екотуризам и традиционално екстензивно земјоделство и други активности кои се дозволени согласно Планот за управување со Паркот на природа Студенчишко Блато.

**Член 9**

(1) Зоната за одржливо користење претставува значителен дел од заштитеното подрачје кој не поседува високи вредности за заштитата, во кој се наоѓаат инфраструктурни објекти, објекти на културното наследство, типови на шумски насади кои што не се карактеристични за подрачјето, како и населени места со околното земјоделско земјиште.

(2) Во зоната за одржливо користење се вклучени и остатоци од некогашната природна вегетација (врбајци, трсјаци, влажни ливади).

e mbrojtjes së rreptë. Zona e menaxhimit aktiv kufizohet në lindje me fidanishten dhe brezin e shelgjeve drejt liqenit të Ohrit, dhe një pjesë në perëndim drejt liqenit të Ohrit është e mbuluar me bimësi barishtore.Një pjesë e zonës së menaxhimit aktiv shtrihet rreth komunitetit me Caricetum elatae. Pjesa e fundit e zonës për menaxhim aktiv shtrihet pranë Institutit Hidrobiologjik dhe përfshin shelgje, kallamishte dhe mbetje të disa livadheve të lagështa. Në buzë (në drejtim të lindjes) të kësaj zone ndodhet një nga burimet më të rëndësishme që ushqen Kënetën dhe nga ku njihen disa lloje endemike.

(3)Sipërfaqja e përgjithshme e zonës së menaxhimit aktiv të Parkut Natyror Këneta e Studençishtës është 15.08 hektarë ose 25.04% e sipërfaqes së përgjithshme të Parkut Natyror.

(4) Në zonën për menaxhim aktiv nga komuna e Ohrit mund të kryhen punë menaxhuese lidhur me manipulimin e habitateve dhe llojeve.

(5)Në zonën për menaxhim aktiv lejohet të kryhen aktivitete që nuk kanë ndikim negativ në qëllimin parësor të mbrojtjes së Parkut Natyror Këneta e Studençishtës, si ekoturizmi dhe bujqësia tradicionale ekstensive dhe aktivitete të tjera që lejohen sipas Planit të  Menaxhimit të Parkut Natyror Këneta e Studençishtës.

**Neni 9**

Zona për përdorim të qëndrueshëm përfaqëson një pjesë të konsiderueshme të zonës së mbrojtur që nuk ka vlera të larta për mbrojtje, në të cilën ka objekte infrastrukturore, objekte të trashëgimisë kulturore, lloje të plantacioneve pyjore jo

(3) Вкупната површина на зоната за одржливо користење во Паркот на природата Студенчишко Блато изнесува 39,82 хектари или 66,11% од вкупната површина на Паркот на природата Студенчишко Блато.

(4) Во зоната за одржливо користење дозволени се активностите од зоната за строга заштита од член 7 од овој закон и од зоната за активно управување од член 8 од овој закон, како и активности кои се дозволени согласно Планот за управување со Паркот на природата Студенчишко Блато.

(5) Засегнатите страни од ставот (1) на овој член, како и Советот на засегнати страни и Научниот совет од членот 10 став (2) од овој закон учествуваат во утврдувањето на активностите кои се дозволени во зоната за одржливо користење при изработката на Планот за управување од ставот (4) на овој член,согласно членот 101 и членот 135-а ставови (8) и (9) од Законот за заштита на природата.

## IV. УПРАВУВАЊЕ

### Член 10

(1) Со Паркот на природата Студенчишко Блато управува општина Охрид.

(2) Заради ефикасно управување со подрачјето на Паркот на природата Студенчишко Блато, општина Охрид формира Совет на засегнати страни и Научен совет, како консултативни тела согласно член 135-а став (4) од Законот за заштита на природата.

### Член 11

karakteristike për zonën, si dhe vendbanime me tokën bujqësore përreth .

(2)Në zonë për përdorim të qëndrueshëm përfshihen edhe mbetje të bimësisë së dikurshme natyrore (shelgje, kallamishte, livadhe të lagështa).

**(3)** Sipërfaqja e përgjithshme e zonës për përdorim të qëndrueshëm në Parkun Natyror Këneta e Studençishtës është 39.82 hektarë ose 66.11% e sipërfaqes së përgjithshme të Parkut Natyror Këneta e Studençishtes.

(4)Në zonën për shfrytëzim të qëndrueshëm lejohen aktivitetet nga zona për mbrojtje të rreptë nga neni 7 i këtij ligji dhe nga zona për menaxhim aktiv nga neni 8 i këtij ligji, si dhe aktivitetet që lejohen sipas Planit të Menaxhimit të Parkut Natyror Këneta e Studençishtës .

(5) Palët e interesuara nga paragrafi (1) i këtij neni, si dhe Këshilli i palëve të interesuara dhe Këshilli shkencor nga neni 10 paragrafi (2) i këtij ligji marrin pjesë në përcaktimin e aktiviteteve që lejohen në zonën për shfrytëzim të qëndrueshëm gjatë përgatitjes së Planit për menaxhim nga paragrafi (4) i këtij neni, në pajtim me nenin 101 dhe nenin 135-a paragrafët (8) dhe (9) të Ligjit për mbrojtjen e natyrës.

## IV. MENAXHIMI

### Neni 10

(1) Со Паркот на природата Студенчишко Блато општина Охрид е должна да управува на начин со кој се обезбедува:
1) одржување на условите потребни за заштита на значајните видови, популации и заедници или физичко-географските карактеристики;
2) олеснето спроведување на научни истражувања и следење на состојбите како примарни активности поврзани со одржливото користење на ресурсите;
3) определување на посебни места во рамките на Паркот на природата Студенчишко Блато заради спроведување на воспитно-образовни активности за карактеристиките на подрачјето и управувањето со дивите видови и
4) елиминирање и спречување на експлоатација и деградација на природата во подрачјето на Паркот на природата Студенчишко Блато.

(2) Општина Охрид е должна на територијата на Паркот на природата Студенчишко Блато да ја спроведува заштитата на природното наследство преку:

- воспоставување режим на заштита на Паркот на природата Студенчишко Блато,

-преземање мерки за заштита на утврдените зони во Паркот на природата Студенчишко Блато,

- изработка и донесување на План за управување со Паркот на природата Студенчишко Блато согласно членот 80 и членот 98 став (4) од Законот за заштита на природата и Годишна програма за заштита на природата, согласно членот 98 ставови (5) и (6) од Законот за заштита на природата,

-мониторинг на состојбата со природните вредности,

(1) Parku Natyror Këneta e Studençishtës menaxhohet nga Komuna e Ohrit.

(2) Për hir të menaxhimit efikas të zonës së Parkut Natyror Këneta e Studençishtës, Komuna e Ohrit formon Këshillin e Palëve të Interesit dhe Këshillin Shkencor, si organe konsultative në pajtim me nenin 135a paragrafi (4) të Ligjit për mbrojtjen e natyrës.

**Neni 11**

(1) Komuna e Ohrit është e obliguar ta menaxhojë Parkun Natyror Këneta e Studençishtës në atë mënyrë që të sigurojë:

1) ruajtjen e kushteve të nevojshme për mbrojtjen e llojeve të rëndësishme, popullatave dhe bashkësive ose karakteristikave fiziko-gjeografike;

2) realizimin e lehtësuar të kërkimit shkencor dhe monitorimin e situatave si aktivitete parësore që lidhen me përdorimin e qëndrueshëm të burimeve;

3) përcaktimi i vendeve të veçanta brenda Parkut Natyror Këneta e Studençishtës me qëllim të realizimit të aktiviteteve edukative arsimore për karakteristikat e zonës dhe menaxhimit me llojet e egra dhe

4) eliminimin dhe parandalimin e shfrytëzimit dhe degradimit të natyrës në zonën e shpallur park natyror.

(2)Komuna e Ohrit është e obliguar që mbrojtjen e trashëgimisë natyrore në territorin e Parkut Natyror Këneta e Studençishtës ta zbatojë përmes:

- vendosjes së një regjimi mbrojtjeje për Parkun e Natyrës Këneta e Studençishtes,

- спречување на штетни активности од физички и правни лица во Паркот на природата Студенчишко Блато, односно обезбедување максимално поволни услови за заштита и унапредување на природата,

- заштита и зачувување на природните живеалишта од национално и меѓународно значење,

- заштита и зачувување на билошката разновидност од национално и меѓународно значење,

- заштита и зачувување на пределската разновидност,

-заштита и зачувување на специфичните геоморфолошки форми,

- утврдување на компонентите на биолошката и пределската разновидност и идентификација на заканите,

- водење евиденција и документација за природните вредности на Паркот на природата Студенчишко Блато (изработка на инвентар за живеалишта, диви видови, геодиверзитет и предели),

- одржливо користење на природното богатство во интерес на сегашниот и идниот развој,

- создавање услови за развој на туризмот во согласност со принципот на одржлив развој,

- остварување на културни, научни, образовни и рекреативни цели, кои во исто време ја одржуваат природната состојба на Паркот на природата Студенчишко Блато,

- поттикнување на научни истражувања преку проучувања и истражувања на природните вредности, кои се од интерес за заштита на

- marrjes së masave për mbrojtjen e zonave të përcaktuara në Parkun e Natyrës Këneta e Studençishtes,

- Përgatitjen dhe miratimin e Planit të Menaxhimit për Parkun e Natyrës Këneta e Studençishtes në pajtim me nenin 80 dhe nenin 98 paragrafi (4) të Ligjit për Mbrojtjen e Natyrës dhe Programin Vjetor për Mbrojtjen e Natyrës në pajtim me nenin 98 paragrafët (5) dhe (6) të këtij ligji

Monitorimin e gjendjes së vlerave natyrore,

- parandalimin e aktiviteteve të dëmshme nga personat fizikë dhe juridikë në Parkun e Natyrës Këneta e Studençishtes, përkatësisht sigurimin e kushteve maksimale më të favorshme për mbrojtjen dhe përmirësimin e natyrës,

- mbrojtjen dhe ruajtjen e habitateve natyrore me rëndësi kombëtare dhe ndërkombëtare,
- mbrojtjen dhe ruajtjen e biodiversitetit me rëndësi kombëtare dhe ndërkombëtare,
- mbrojtjen dhe ruajtjen e diversitetit rajonal,

mbrojtjen dhe ruajtjen e formave specifike gjeomorfologjike,

- përcaktimin e komponentëve të diversitetit biologjik dhe rajonal dhe identifikimin e kërcënimeve,

- mbajtjen e shënimeve dhe dokumentacionit për vlerat natyrore të Parkut Natyror Këneta e Studençishtes (përpilimi i një inventari për habitatet, speciet e egra, gjeodiversitetin dhe peizazhet);

Паркот на природата Студенчишко Блато,

- издавање на информативен и пропаганден материјал за природните вредности на Паркот на природата Студенчишко Блато,
- подигање на јавната свест, особено во воспитно-образовниот процес за заштита на Паркот на природата Студенчишко Блато и
- вршење на други работи кои придонесуваат за заштита на природните вредности на Паркот на природата Студенчишко Блато.

## V. ЧУВАРСКА СЛУЖБА

### Член 12

(1) Непосредната заштита на Паркот на природата Студенчишко Блато ја спроведува чуварска служба, формирана од општина Охрид согласно член 108 од Законот за заштита на природата.

(2) Непосредната заштита на Паркот на природата Студенчишко Блато чуварската служба ја врши преку:
1)планирање, организирање и спроведување на поучни прошетки низ Паркот на природата Студенчишко Блато;
2) еколошка обука за посетителите на Паркот на природата Студенчишко Блато и локалното население;
3) набљудување и следење на состојбата на растителните, габните и животинските видови, како и другите вредности на Паркот на природата;
4) соработка со водачите на научно-истражувачки и други дозволени проекти во Паркот на природата Студенчишко Блато;
5) соработка со сопствениците и уживателите на правото на користење на недвижности во Паркот на природата Студенчишко Блато заради заштита

- përdorimi i qëndrueshëm i burimeve natyrore në interes të zhvillimit aktual dhe të ardhshëm,
- krijimin e kushteve për zhvillimin e turizmit në përputhje me parimin e zhvillimit të qëndrueshëm,
- realizimin e qëllimeve kulturore, shkencore, arsimore dhe rekreative, të cilat në të njëjtën kohë ruajnë gjendjen natyrore të Parkut Natyror të Kënetës së Studençishtes,

duke inkurajuar kërkimin shkencor nëpërmjet studimeve dhe kërkimeve të vlerave natyrore, të cilat janë me interes për mbrojtjen e Parkut të Natyrës Këneta e Studençishtes,

- nxjerrjen e materialit informativ dhe propagandues për vlerat natyrore të Parkut të Natyrës Kënetës së Studençishtes,
- ndërgjegjësimin e publikut, veçanërisht në procesin edukativo-arsimor për mbrojtjen e Parkut të Natyrës Këneta e Studençishtes dhe
- kryerjen e punëve të tjera që kontribuojnë në mbrojtjen e vlerave natyrore të Parkut të Natyrës.

## V. SHËRBIMI I ROJËS

### Neni 12

(1) Mbrojtjen e drejtpërdrejt të Parkut Natyror Këneta e Studençishtës e kryen shërbimi i rojes i themeluar nga Komuna e Ohrit në përputhje me nenin 108 të Ligjit për Mbrojtjen e Natyrës.

на природата;
6) надзор врз спроведувањето на дозволените активности во Паркот на природата Студенчишко Блато и
7) грижа за одржувањето на инфраструктурните објекти во Паркот на природата Студенчишко Блато.

(3) При спроведувањето на заштитата припадниците на чуварските служби, меѓу другото, вршат:
1) заштита на живеалиштата и видовите од незаконска употреба и незаконски активности;
2) следење на спроведувањето на одредбите за управувањето со Паркот на природата Студенчишко Блато од овој закон, како и од Планот за управување со Паркот на природата Студенчишко Блато;
3) контрола на сите дозволи издадени за собирање на засегнати и заштитени диви видови растенија, габи, животни и нивни делови, дозволи за спроведување научно истражување во природата, како и други активности и движење во рамките на границите на Паркот на природата Студенчишко Блато;
4) следење на спроведувањето на мерките за заштита од пожари и други природни катастрофи во рамките на границите на Паркот на природата Студенчишко Блато;
5) следење на загадување со разни видови отпад на водите и почвата;
6) контрола на транспортот на дрва, шумски, земјоделски и други производи во рамките на границите на Паркот на природата Студенчишко Блато;
7) придружување на групи посетители, обезбедување на информации, како и укажување на помош на посетителите;
8) учество во активности поврзани со

(2) Mbrojtja e drejtpërdrejt e Parkut Natyror Këneta e Studençishtës bëhet nga shërbimi i rojes nëpërmjet:

1) planifikimit, organizimit dhe realizimit të shëtitjeve edukative nëpër Parkun e Natyrës Këneta e Studençishtes;

2) trajnime mjedisore për vizitorët në Parkun e Natyrës Këneta e Studençishtes dhe popullatën lokale;

3) vëzhgimi dhe monitorimi i gjendjes së specieve bimore, mykotike dhe shtazore, si dhe vlerave të tjera të Parkut Natyror;

4) bashkëpunimi me drejtuesit e kërkimit shkencor dhe projekteve të tjera të lejuara në Parkun e Natyrës Këneta e Studençishtes;

5) bashkëpunimi me pronarët dhe shfrytëzuesit e së drejtës së shfrytëzimit të patundshmërive në Parkun e Natyrës për qëllime të mbrojtjes së natyrës;

6) mbikëqyrja e zbatimit të aktiviteteve të lejuara në Parkun e Natyrës Këneta e Studençishtes dhe

7) kujdesi për mirëmbajtjen e objekteve infrastrukturore në Parkun e Natyrës Këneta e Studençishtes.

(3) Gjatë zbatimit të mbrojtjes, pjesëtarët e shërbimeve të sigurisë, ndër të tjera kryejnë:

1) mbrojtjen e habitateve dhe llojeve nga përdorimi i paligjshëm dhe aktivitetet ilegale;

2) përcjelljen e zbatimit të dispozitave për menaxhimin e Parkut të Natyrës Këneta e Studençishtes nga ky ligj si dhe nga Plani i Menaxhimit me Parkun e Natyrës Këneta e Studençishtes.

ревитализација на живеалиштата и дивите видови и
9) вршат и други активности во согласност со овој закон и Законот за заштита на природата.

**VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 13**

Општина Охрид во рок од еден месец од денот на влегувањето во сила на овој закон, на својата веб страница објавува Картографски приказ со границите на Паркот на природата Студенчишко Блато и границите на зоната за строга заштита, зоната за активно управување и зоната за одржливо користење.

**Член 14**

(1) Планот за управување со Паркот на природата Студенчишко Блато се донесува најдоцна во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.
(2) До донесувањето на Планот за управување од ставот (1) на овој член, општина Охрид ќе работи во согласност со Годишна програма за заштита на природата која се донесува во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 15**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

3) kontrollin e të gjitha lejeve për grumbullimin e të gjitha llojeve të egra bimore të mbrojtura kërpudhave , kafshëve dhe pjesëve të tyre, lejeve për zbatimin e hulumtimeve shkencore në natyrë si dhe, aktivitete dhe lëvizje të tjera brenda kufijve të Parkut të Natyrës Këneta e Studençishtes;

4) monitorimin e zbatimit të masave për mbrojtjen nga zjarri dhe fatkeqësitë e tjera natyrore brenda kufijve të Parkut të Natyrës Këneta e Studençishtes;

5) monitorimin e ndotjes së ujit dhe tokës me lloje të ndryshme të mbeturinave;

6) kontrollin e transportit të drurit, pyllit, bujqësisë dhe produkteve tjera brenda kufijve të Parkut të Natyrës Këneta e Studençishtes;

7) bashkimin e grupeve të vizitorëve, dhënia e informacionit, si dhe ofrimi i ndihmës për vizitorët;

8) pjesëmarrjen në aktivitete që kanë të bëjnë me rigjallërimin e habitateve dhe specieve të egra dhe

9) kryen punë të tjera në pajtim me këtë ligj dhe Ligjin për mbrojtjen e natyrës.

**VI. DISPOZITAT KALIMTARE DHE PËRFUNDIMTARE**

**Neni 13**

Komuna e Ohrit, në afat prej një muaji nga hyrja në fuqi e këtij ligji, do të publikojë në ueb faqen e saj një hartë ku paraqiten kufijtë e Parkut Natyror Këneta e Studençishtës dhe kufijtë e zonës për mbrojtje të rreptë, zonës për menaxhim aktiv dhe zonës për përdorim të qëndrueshëm.

**Neni 14**

Картографски приказ со границите на Паркот на природата Студенчишко Блато и границите на зоната за строга заштита, зоната за активно управување и зоната за одржливо користење




(1) Plani për menaxhimin e Parkut Natyror Këneta e Studençishtës do të miratohet jo më vonë se një vit nga data e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

(2) Komuna e Ohrit deri në miratimin e planit për menaxhim nga paragrafi (1) i këtij neni do të punojë në pajtim me Programin vjetor për mbrojtjen e natyrës, i cili miratohet në afat prej tre muajsh nga data e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

**Neni 15**

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e publikimit në “Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut”.

Paraqitja hartografike me kufijtë e Parkut Natyror Këneta e Studençishtës dhe kufijtë e zonës së mbrojtjes së rreptë, zonës së menaxhimit aktiv dhe zonës së përdorimit të qëndrueshëm.